Autorizohet Komisionit Juridik Ligjvenes i Kuvendit të Republikes së Maqedonise që të percaktoje tekst të spastruar të Ligjit për siguri dhe shendet gjate punes.

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

718.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за инвалидски организации,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 февруари 2013 година.

Бр. 07-828/1
12 февруари 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Во Законот за инвалидски организации („Службен весник на Република Македонија“ број 89/2008 и 59/12), во членот 29 став 1 алинеја 1 зборовите: "Министерството за финансии" се заменуваат со зборовите: "Министерството за труд и социјална политика".

Во алинејата 2 зборовите: "распишуваат надлежните министерства" се заменуваат со зборовите: "распишува Министерството за труд и социјална политика".

Член 2

Во членот 35 став 2 по зборовите: "Министерството за финансии" се додаваат зборовите: "и Министерството за труд и социјална политика".

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за инвалидски организации.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR ORGANIZATA TË INVALIDEVE

Neni 1

Në Ligjin për organizata të invalideve ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 89/2008 dhe 59/12), në nenin 29 paragrafi 1 alineja 1 fjalet: "Ministria e Financave" zevendesohen me fjalet: "Ministria e Punes dhe Politikes Sociale".

Në alinene 2 fjalet: "shpallin ministrite kompetente" zevendesohen me fjalet: "shpall Ministria e Punes dhe Politikes Sociale".

Neni 2

Në nenin 35 paragrafi 2 pas fjaleve: "Ministria e Financave" shtohen fjalet: “dhe Ministria e Punes dhe Politikes Sociale".

Neni 3

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvenes i Kuvendit të Republikes së Maqedonise që të percaktoje tekst të spastruar të Ligjit për organizata të invalideve.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

719.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за стандардизација,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 февруари 2013 година.

Бр. 07-829/1
12 февруари 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

Член 1

Во Законот за стандардизација („Службен весник на Република Македонија“ број 54/2002 и 84/12), во членот 2 став 1 по точката 9 се додава нова точка 10, која гласи:

„10. **Македонско сонценце** е национален промотивен знак за производи кои се произведени во Република Македонија;”.

Точките 10,11 и 12 стануваат точки 11,12 и 13.

Член 2

Во членот 7 став 1 по точката 11 се додава нова точка 12, која гласи:

„12) доделување и контролирање на примената на националниот промотивен знак Македонско сонценце;“.

Точките 12 и 13 стануваат точки 13 и 14.

Член 3

Во членот 14-в алинеја 2 по зборот “донесува“ зборовите: ”Статут и други“ се бришат.